ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"Камена Река"
Бр. 01-508/1
13.12.2018 год.
М.Каменица

ЈАВНО ПРЕДПРИЈАТИЕ
"КАМЕНА РЕКА"

Тел. и факс: 033 432 694; Ул."Рударска" бр.7, Македонска Каменица, e-mail:jpkamenareka@jpkamenareka.mk

**Предлага:**
Директор на ЈП Камена река М.Каменица

**Усвојува:**
Управен одбор на ЈП Камена река М.Каменица

**Дава согласност:**
Совет на Општина М.Каменица

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА
## За работа на ЈП Камена река М.Каменица за 2019 година

***МАК.КАМЕНИЦА ДЕКЕМВРИ 2018 ГОД***

# СОДРЖИНА

Содржина........................................................................................................................

Вовед...............................................................................................................................

1.Водоснабдување...........................................................................................................

2.Канализација.................................................................................................................

3.Јавна комунална чистота..............................................................................................

4.Градска чистота и зеленило .........................................................................................

5.Погребални услуги .......................................................................................................

6.Механизација...............................................................................................................

7.Изведување на дополнителни градежни активности ..................................................

8.Преодни и завршни одредби ........................................................................................

## ВОВЕД

Програмата за работа на ЈП Камена Река – М.Каменица за 2019 година претставува збир на сите активности и планови кои се планираат да се работат и остварат во текот на 2019 година.

Според постојната организациона поставеност на јавното претпријатие, водоснабдувањето и транспортирањето на комунален отпад претставуваат носечки дејности, па така потребно е да се посвети поголемо внимание околу намалување на трошоците во тие дејности.

Треба да се продолжи со поставувањето на водомери на правните и физичките лица како големи потрошувачи на вода, што се очекува значително намалување на потрошувачката на вода.

И во наредната 2019 година како и во предходните години планираме нормално тековно работење во сите работни единици.

За да се има појасен преглед на планираните активности за наредната 2019 година оваа програма ќе биде поделена на неколку делови и тоа:

1. Водоснабдување
2. Канализација
3. Јавна комунална чистота
4. Градска чистота и зеленило
5. Погребални услуги
6. Механизација
7. Изведување на дополнителни градежни активности

Напоменуваме дека сите планирани активности со оваа Програма во секој нејзин дел ќе бидат координирани со општина Македонска Каменица како основач на ЈП Камена река Македонска Каменица.

Во зависност од можностите на претпријатието, финансиските средства, обемот на работа и добиените понуди за работа ЈП Камена Река за 2018 година планира да работи по следната програма:

**1**. Во делот на **ВОДОСНАБДУВАЊЕТО** како претежна дејност се планираат следните активности:

- Тековно одржување на водоводната мрежа во М.Каменица
- Навремено и активно отстранување на сите дефекти кој што ќе се појават на водоводната мрежа во наредниот период
- Редовно хлорирање на водата за пиење со гасен хлор, набавка на истиот, редовно испитување на водата за пиење (бактеролошко испитување ) од страна на ЈЗО Кочани двапати неделно
- Изведба на нови водоводни линии низ територијата на општина М.Каменица
- Изградба на објекти и поставување на автоматски хлоринатори по селските водоводи
- Радиолошко испитување на водата еднаш годишно или по потреби

- Избор на локација за нова хлорна станица, прибирање на понуди за автоматска хлорна станица и нејзино имплеметирање
- Прочистување и оградување на зафатите на вода
- Испитување за нови дополнителни извори за вода
- Замена на одреден број на дотраени фитинзи на секундарната мрежа
- Ажурирање на графички и нумерички податоци за водоводната и канализациона мрежа, врз геодетски и урбанистички подлоги, односно компјутерска изработка на подземен катастар и формирање на база на податоци корисни за претпријатието
- Зафат на техничка вода и вода за наводнување на паркови, кеј на Каменичка река и спортски терени комплет со водоводна мрежа.
- Подигање на свеста на граѓаните за рационално користење на водата за пиење, воведување превентивни мерки за неразумно користење на вода (користење на локални медиуми и печатен материјал) и пристап до шахти со вентили исклучиво само од страна на вработените во претпријатието
- Реконструкција на водоводната мрежа во - маала Павлиш дол
- Ќе извршиме ажурирање на податоците за корисниците на комунални услуги како и откривање на диви и нерегистрирани корисници
- Ќе се изврши замена на дотраени и нефункционални пропусни вентили на секундарната мрежа
- Поставување на нови водомери на : улица Македонска, дел од улица Осоговска, дел од улица Илинденска, и населба над Цинкара во вкупен број од 200 водомери
- Поставување на водомери на новите стопанските субјекти
- Евидентирање на нови корисници од новиот водовод во с.Дулица и стара Каменица како и изработка на шахти и водомери
- Евидентирање на нови корисници од новиот водовод во с.Саса и вградување на водомери.

**2**. Во делот на **КАНАЛИЗАЦИЈАТА** се планираат следните активности:

- Тековно одржување и редовно прочистување на канализационата мрежа во М.Каменица.
- Оделување на атмосферската од фекалната канализација и нејзино одводнување
- Поставување на нов сливни решетки на места каде нема или не се доволни
- Изведување на канализациони мрежи согласно урбанистичките планови и тоа:

1. Доизградба на канализација во долна река
2. Изградба на канализационата мрежа во Павлиш Дол

3.Доизградба на атмосверска канализација во М.Каменица

3.Поврзување на постоечката канализациона мрежа со новоизградената во село Моштица

Во однос на канализационата мрежа ЈП Камена река М.Каменица заедно со општината изработи проектна задача со која ке се аплицира за да се обезбедат средства за изградба на прочистителна станица

**3**. Во делот на **ЈАВНАТА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** се планираат следните активности:

- тековно одржување на комуналната хигиена на јавните прометни површини во градот.
- Редовно подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад од домаќинствата и индустријата во градот.
- Тековно одржување на градската депонија (редовно планирање и затрупување на комуналниот отпад, контрола на истиот и рекултивација на дел од депонијата, поправка на оградата и поставување на чуварска служба
- Континуирано одржување на контејнери, поставување на нови контејнери од 0,12 м3, 1,1м3 и поставување на потребен број контејнери,од 5м3 во селските средини за подобрување на јавната чистота и намалување на дивите депонии.
- Поставување на контејнери за селекција на комунален отпад,
- Затварање на градската депонија согласно проектот на Министерството за животна средина
- Активна соработка со координативното тело и институциите за формирање на регионална депонија
- сервисирање на контејнери и изработка на нови засеци за контејнери
- Поставување на канти за отпадоци од 20L низ територијата на општина М.Каменица

**4**.Во делот на **ГРАДСКАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО** ЈП Камена река ги планира следните активности:

- Тековно одржување на улиците со метење,чистење на наноси и др.
- Отстранување и кастрење на диви неуредни жбунови и дрва и друг вид на грмушки.
- Дооформување на круна на веќе кроените дрвореди
- Поставување на сепариран песок околу дрвјата
- Редовно косење на паркови, косење и наводнување на градскиот кеј.
- Поставување на урбана опрема(канти за отпадоци,клупи за седење)
- Чистење на каналот покрај стадионот и градскиот базент.
- Набавка на канти за отпад.
- Доуредување на кејот на река Каменичка.

**4.1**.Во пазарот се планирани следните активности:

- Да се одржуваат објектите на пазарот (тезгите, затворениот дел од пазарот и останатата инфраструктура ) во исправна состојба

- Ажурирање на договорите за наплата на таксата за користење на пазарот
- Редовно и навремено чистење на пазарот.

**4.2.** Во делот на одржување на градскиот базент се планирани следните активности:

- Одржување на градскиот базент за време на летната сезона
- Во соработка со општина Македонска Каменица ќе се изврши реновирање на патеката околу градскиот пливачки базент.

**5**.Во делот на **ПОГРЕБАЛНИТЕ УСЛУГИ** се планираат следните активности:

- Собирање на смет и градежен шут од гробиштата

- Тековно косење на трева и собирање на истата
- Сечење на дрва низ гробиштата
- Склучување на спогодби за одржување, уредување и припрема на гробни површини.
- Склучување на договори со операторите на погребалните услуги

6.Во делот на **МЕХАНИЗАЦИЈА** се планираат следните активности:

- Тековно одржување на возниот парк во функција на континуирано работење на ЈП Камена река.
- Вршење на планирани ремонти на возилата.
- Обновување на возниот парк во зависност од финансиската состојба на претпријатието

7. Во делот на **ИЗВЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ** се предвидени следните активности:

- Доформување на парковите околу пристапните патеки до потребна нивелација;
- Изградба и реконструкција на пешачки патеки
- Чистење на речно корито од наноси
- Чистење на пристапни патишта

**8. Преодни и завршни одредби**

ЈП Камена Река ќе извршува и работи по налог на општината како и ќе изработи посебен програм за јавни работи кои ќе бидат финансирани од локалната самоуправа и ЈП ,,Камена Река ,,М.Каменица.

Изготвување и предлагање на програми во соработка со општината до меѓународни институции и фондации за добивање на средства за подобрување на комуналното уредување во општината.

За потребите на управата се планира доопремување со потребната опрема и за подобро и пофункционално работење, навремено ажурирање на целокупната документација, редовна и навремена изработка и достава на фактури и сметки, ажурирање на ненаплатените сметки и редовна изработка на тужби.

Секако дека е можно да се спроведуваат и одредени непланирани активности кои не се споменати во Програмата поради што оваа Програма за работа е отворена и во секој момент ќе може да се надоградува.

Декември 2018 год
Македонска Каменица

ЈП ,,Камена Река,, М.Каменица
Директор,
Влатко Андоновски

Јавно Претпријатие "Камена Река" М.Каменица